Виолета АЧКОСКА, Даринка ПЕТРЕСКА

# ДРАМАТИЗАЦИЈА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Реализација на интерактивна настава со студентите од IV година на Институтот по историја на Филозофскиот факултет во Скопје по предметите Историја на македонскиот народ - најнов век и Методика на наставата по историја на тема:

## Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ)

*Начин на реализација:* Играње на улоги - драматизација
*Потребно време*: два часа
*Дата на реализација*: 21 мај 2004 г.
**Реализирано на Филозофскиот факултет во Скопје**

Наставници-организатори и консултанти за подготовката и реализацијата:
проф. д-р Виолета Ачкоска и
проф. д-р Даринка Петреска

Оваа година одбележуваме еден од најзначајните јубилеи од нашата најнова историја - 60 години од одржувањето на Првото зеседание на АСНОМ и конституирањето на современата македонска држава. Тоа беше голем мотив за нас како наставници и за студентите што ги завршуваат своите студии по Историја. Студентите наскоро ќе се стекнат со дипломи за професори по историја и најголемиот дел од нив ќе биде вклучен во практиката како наставници во основното и средното образование. Тоа беше можност да понесат со себе и едно благородно и корисно искуство од последните денови на нивните студии. Нашата главна интенција, како наставници, беше да реализираме практична примена на интерактивна настава, преку корелација на знаењата на студентите, стекнати од двата предмети, како и да ги поттикнеме да ги покажат умеењата и вештините за работа со изворен текст, подготвеноста за индивидуална и групна форма на работа за реализирање на едно сценарио со поголем број улоги и личности.

Реализацијата на проектот се одвиваше во етапи:

**I Начин на стекнување претходни знаења за темата:**

Во рамките на предвидените предавања, вежби и други активности по предметот Историја на македонскиот народ - најнов век, студентите се здобија со потребните знаења за: военополитичката ситуација во Македонија во првата половина на 1944 година, одгласот на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ при дефинирањето на новата југословенска федеративна држава во Јајце, подготовките околу одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, особено за улогата на Иницијативниот одбор за свикувањето на Заседанието, начинот на изборот на народните претставници за учеството на Заседанието и друго.

На предавањата од теоријата по предметот Методика на наставата по историја студентите ги добија сите потребни објаснувања за карактерот, целите и задачите на активната настава, за начинот на изборот тема за ваков вид настава, за начинот на изработка сценарио и поделбата на улогите, за изборот и употребата на изворните текстови, нагледните средства и слично.

**II Претходна подготовка за драматизацијата:**

*а) Определување на улогите*

На секој студент му се определи задолжението да пронајде и да подготви нагледен материјал (фотографии, пароли и друго), текстови според улогата на учесникот на Првото заседанието на АСНОМ и потребни биографски податоци за одредена личност, особено значајна за настанот.

*б) Сценарио и задолжение:*

Задолжен за сценското решение (пароли, фотографии) - Александра Стоилкова.

Личности:

- конферансие - наратор-прикажувач - Соња Јанковска,
- вокален солист за пеење на химната - Горан Ѓорѓиев,
- британски новинар- Јулијана Димитрова,
- претставник на ВШ на ПО на Југославија, Светозар Вукмановиќ Темпо - Гоце Ѓорѓиевски,
- претставник на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија - Марија Ѓурчинова,
- претставник од пиринскиот дел на Македонија - Димитар Димески,
- биограф на Панко Брашнаров - Соња Кузелова,
- Панко Брашнаров - Игор Јовановски,
- Методија Андонов-Ченто - Александар Шопов,
- биограф на Методија Андонов-Ченто - Владимир Ѓорѓевски,
- повеќе личности што ги образложуваат документите и решенијата на АСНОМ - Билјана Илиевска, Страшко Сатојановски, Горан Павловски, Борче Милески и други,
- поздравна телеграма до Јосиф Висарионович Сталин - Атанас Сопотски,
- поздравна телеграма до британскиот претседател Винстон Черчил - Бојан Трпевски,

- поздравна телеграма до американскиот претседател Франклин Рузвелт - Атанас Сопотски,
- телеграма до другарите и другарките на неослободената територија - Марија Ѓурчиновска,
- телеграма до ВШ на ПО на Југославија - Александра Стоилкова,
- известувач за Записникот од седницата на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија и на Иницијативниот одбор на островот Вис - Драган Ѓалевски,
- Бане Андреев-Ронката - Анита Петрушевска,
- Емануел Чучков - Марија Тодорова,
- Киро Глигоров - Благоја Величков,
- Владо Полежина - Борче Милески,
- делегати, гости, новинари, народ.

Секој доби домашна задача да ја подготви што е можно подобро својата улога.

**III Тек на реализацијата:**

*А- свечен дел на Заседанието:*

Учесниците на Заседанието, делегатите и гостите, влегуваат во свечено украсената сала.

На ѕидот зад масата и столовите предвидени за работното претседателство на Заседанието се поставени сликите на: Јосиф Висарионович Сталин, Франклин Рузвелт, Винстон Черчил, Јосип Броз Тито и Гоце Делчев.

По ѕидовите на просторијата се поставени пароли: Да живее АСНОМ, Да живеат нашите големи сојузници Англија, Советскиот Сојуз и Америка, Да живее врховниот командант Тито, Да живее Илинден и неговата славна Крушевска Република. Вечна слава на паднатите херои за слободата на Македонија.

1. Конферансието[1] зборува за местото и времето на случувањето, ја опишува атмосферата. Притоа ги користи сознанијата што се добиени од сите претходни активности.

Делегатите се на своите места. Сите стануваат, се пее химната што се пеела и на самото Заседание во Св. Прохор Пчински, „Изгреј зора на слободата.“[2]

Изгреј зора на слободата
зора на вечната борба
изгреј во душите и во срцата
на сите робје на светот...

Следува бурен аплауз.

[1] Соња Јанковска
[2] Солист, Горан Ѓорѓиев



*Слика 1. ДелеїаШиШе и їосШиШе сШанаШи ја иеаШ химнаШа*

Конферансието најавува:

Почитувани другарки и другари, честа да го отвори ова историско собрание му припадна на Панко Брашнаров...

- Се чита биографијата на Панко Брашнаров[3]

1. Панко Брашнаров[4] го отвора Заседанието и го држи поздравниот говор. Брашнаров го најавува читањето на поздравните телеграми:

2. Се читаат поздравните телеграми упатени до Првото заседание на АСНОМ.

- Претставникот на ВШ на ПО на Југославија го поздравува Заседанието[5].
- Се чита телеграмата од Јосип Броз Тито[6].

Следува аплауз, извици: Да живее Тито; Да живее Народноослободителната борба; Да живее Слободна Македонија и други.

- Се чите решението на Второто заседание на АВНОЈ за конституирањето на новата југословенска федеративна држава.[7]
- Следува читање на телеграмите упатени од АСНОМ:
- поздравна телеграма до Јосиф Висарионович Сталин[8]
- поздравна телеграма до британскиот претседател Винстон Черчил[9]

[3] Соња Кузелова
[4] Игор Јованов
[5] Гоце Ѓорѓиевски
[6] Гоце Ѓорѓиевски
[7] Страшко Стојановски
[8] Атанас Сопотски
[9] Бојан Трпевски

- поздравна телеграма до американскиот претседател Франклин Рузвелт[10]
- претставникот на македонскиот народ од пиринскиот дел на Македонија[11] го поздравува Заседанието
- претставникот на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија[12] зборува за целите на борбата на Македонците во Егејска Македонија
- телеграма до другарите и другарките на неослободената територија
- телеграма до ВШ на ПО на Југославија[13].

Б- работен дел на Собранието:

-Панко Брашнаров го најавува работниот дел од Заседанието:

Другарки и другари делегати, сега пристапуваме кон работниот дел на Заседанието. Извештај за работата на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ ќе поднесе претседателот на ИО: Методија Андонов-Ченто.

1. Извештај за работата на Иницијативниот одбор - Методија Андонов-Ченто[14]



*Слика 2. Ченто поднесува извештај*

Се чита Записникот од заедничката седница на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ одржана на островот Вис.[15]

---

[10] Атанас Сопотски
[11] Димитар Димески
[12] Марија Ѓурчинова
[13] Александра Стоилкова
[14] Александар Шопов
[15] Драган Ѓалевски

Методија Андонов Ченто најавува:

*Следува рефератот "Борба против окупаторот" што ќе го поднесе Бане Андрее -Ронката.*

2. Бане Андреев го поднесува рефератот[16].

Ченто најавува:

*Следува рефератот "Народно-демократската власт во Македонија" што ќе го поднесе Емануел Чучков*

3. Емануел Чучков го поднесува рефератот[17].

- За збор се јавува Киро Глигоров, од името на приговарачите на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ.

- Глигоров накусо ги објаснува основните точки од Приговорот[18] .

5. Британски новинар[19] известува за борбата на македонскиот народ за национално ослободување и формирање на држава и за британскиот став.

6. Потоа следуваат одлуките и решенијата:

- Еден од делегатите (Владо Полежина) ги чита решенијата и одлуките на Првото заседание на АСНОМ[20].

7. Избор на претседател на Президиумот на АСНОМ

- Панко Брашнаров дава предлог за претседател на Президумот на АСНОМ да биде избран Методија Андонов-Ченто.

- Се чита биографијата на Ченто[21].

Следува аплауз.

8. Ченто најавува: Следува избор на членови за Президиумот на АСНОМ, чиј список го чита Владо Полежина.

- Избраниот Президиум е топло поздравен со аплауз од присутните делегати.

9. Ченто најавува: Првото заседание на АСНОМ го донесува следниов Манифест до македонскиот народ, малцинствата во Македонија и до македонската емиграција

- Следува читање на одбрани делови од Манифестот[22].

Следуваат извици:

Да живее федерална Македонија -ДА ЖИВЕЕ

Да живее славната НО војска - ДА ЖИВЕЕ

Да живее антифашистичкиот фронт на слободољубивите народи - ДА ЖИВЕЕ

Сите стануваат и повторно ја пеат химната.

--------------------

[16] Анита Петрушевска
[17] Марија Тодорова
[18] Благој Величков
[19] Јулијана Димитрова
[20] Борче Милески
[21] Владимир Ѓорески
[22] Билјана Илиевска

**Извори и литература:**

*Извори*:

- АСНОМ 1944-1954, Десетгодишнина на Народна Република Македонија, Приредиле: Јован Поповски, Асен Тодоров и Радуле Костовски, s. a., s. l.
- АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том 1, книга 1, Архив на Македонија, Скопје 1984.
- AVNOJ I REVOLUCIJA, Tematska zbirka dokumenata 1941-1945, Narodna knjiga, Beograd 1983.

*Литература*:

- АСНОМ во создавањето на државноста на македонскиот народ, МАНУ, Скопје 1987.
- АСНОМ, 50 години македонска држава 1944-1994, МАНУ-ИНИ, Скопје 1995.
- Виолета Ачкоска, Методика на наставата по историја, Универзитет „ Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет, Скопје 2001.